*Прашања за Вашето искуство со Комениус*

1. **Што значи за вас Комениус искуство?**



Комениус искуството е едно од најзначајните искуства за мене досега во моето работно искуство од 12 години, затоа што за прв пат имав можност да разменам искуства со професори од други земји, да ги увидам разликите и сличностите во начинот на организација на работата, да споделам мислења и ставови, да добијам многу нови идеи кои можам да ги применам во мојата работа со моите ученици.

Сметам дека ваков тип искуства многу му помагаат на наставникот да се усоврши и го унапредат педагошкиот пристап во работата.

**2.Како дознавте за програмата Комениус?**

За програмата Комениус дознав преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, преку нејзината Web страна и претставувањето на Леонардо Де Винчи во моето училиште од страна на претставник на НА.



**3.Кои беа потешкотиите на кои наидовте?**

Велат дека кога се ќе заврши добро , тешкотиите се заборавaат. Една од најголемите тешкотии беше отварањето на донаторската сметка која бара многу административни процедури, но бидејќи и јас и моето училиште бевме почетници во оваа област сметам дека се се надминува со искуство и добра организација на работите.

4.**Нешто што сакате да заборавите!**

Она што сакам да го заборавам е само стравот дали навреме ќе биде завршена целата административна процедура за да можам да заминам на Обуката.

5.**Ваш најдраг спомен!**

Имаше многу убави и незаборавни спомени, но сепак ќе издвојам два кои мене најмногу ме импресионира

1,Посетата на средното училиштето во Лондон и присуството на часови во истото многу ми помогнаа да ги увидам разликите таму и кај нас и да дојдам побогата со едно многу убаво искуство и незаборавни моменти кои како професор секогаш ќе ме потсетуваат како треба да се работи со децата.

2.Претставувањето на нашата земја Македонија на свечената завршна вечера во која секоја земја се претстави со една традиционална песна од сопственото поднебје. Имено, прв пат во мојот живот со толку големи емоции ја изиграв и испеав ,,Македонско девојче,, заедно со останатите учеснички од Македонија затоа што почувствував дека 20 други земји во нас ја гледаат Македонија и нашата традиција. Да ја претставуваш сопствената земја и во култура, образование, традиција беше најголема чест за мене досега.



**6.Анегдота од патувањето!**

-Една од интересните случки беше кога претставникот од Нигерија кој беше сам бараше од сите учесници да го придружуваме во рефренот на песната кој беше на нигериски и многу тежок и сите пееја различно, и никој не ги запамети зборовите така да песната звучечше хаотично.

**7.Што понатаму со стекнатото искуство?**

Она што го видов и научив на обуката, конатакт семинарот и конференцијата во целост го споделив веднаш со моите колеги на работа, и на моите ученици им ги претставив видео снимките од работата на училиштето во Лондон и заедно коментиравме за разликите и сличностите во начинот на организација на наставата. Сите ново научени работи веднаш ќе ги променам во мојата работа со учениците и ќе се обидам да стапам во контакт со други земји учеснички на Конференцијата кои изразија подготвеност да соработуваме, посебно со претставничката од Романија. Во соработката со други земји ќе ги вклучам и моите ученици кои многу сакаат да контактираат со ученици од други земји.

**8.Дали сте задоволни од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност?**



Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ми помагаше секогаш кога побарав помош. Вработените таму беа љубезни и ме упатуваа на вистинскиот пат за решавање на административните процедури, кои сметам дека пртеставуваат потешкотија и за нив и во иднина би требало да се изнајде начин да истите процедури се завршуваат со побрзо темпо.